[1] Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за медицински науки, Студии по општа Стоматологија – Катедра по орална и максилофацијална хирургија и дентална имплантологија, Штип, Република Македонија
[2] ПЗУ „Дент Естет“ – Штип, Р.Македонија

# Поставување на дентални импланти во постериорна мандибуларна регија – Приказ на случај

[1]Киро Папакоча, [1]Цена Димова, [2]Гордана Папакоча, [3]Влатко Филиповски, [1]Јулија Заркова, [1]Катерина Златаноска

**ЦЕЛ-** беше да се претстави ефективна можност за решавање на беззабоста и соодветно на тоа спречување на атрофијата на алвеоларниот гребен, конкретно во бочна мадибуларна регија, со помош на методата за коскена аугментација.

**ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ-** Пациент на возраст од 29 години кој се јавува на преглед и третман во нашата ординација. При клинички и рентген преглед на пациентот, се одлучува за екстракција на 36 на кој е дијагностицирано Parodontitis chr. periapicalis. После негова екстракција, направена е аугментација на истото место. После 6 месеци од екстракцијата, поставени се три дентални имплантни, а после уште 4 месеци од оваа интервенција направена е протетска рехабилитација.

**РЕЗУЛТАТИ-** предностите кај добро зачуваниот алвеоларен гребен, се од огромно значење при поставување на имплантите и достигнување нивно бескомпромисно естетско и функционално решение, прават да овие процедури ги применуваме кај поголемиот број на наши пациенти.





**ЗАКЛУЧОК-** Губењето на забите, често резултира со повлекување како на меките така и на коскените трива, затоа зачувувањето на алвеоларниот гребен е од голема вашност, се со цел да се обезбеди соодветна имплантолошка естетска реставрација. За да обезбедиме успешна импланто – протетска рехабилитација, хируршката интервенција е од особено значење и се наметнува како потреба за да обезбедиме соодветен алвеоларен гребен.